**20221922658**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 35/10, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 август 2022 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА - ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА УВОЗ НА МЛЕКО И ПАВЛАКА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозната давачка - царинската стапка при увоз на млеко и павлака и тоа:

| Тарифна ознака | Опис |
|---|---|
| 0401<br><br>0401 50<br><br>0401 50 39 00 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување:<br>-Со содржина на маснотија, што надминува 10% по маса:<br>---Друго |
| 0402<br><br>0402 91<br><br>0402 91 59 00 | Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување:<br>--Без додаден шеќер или други материи за засладување:<br><br>----Друго |

Член 2

Стоката од член 1 на оваа одлука ќе се увезува заклучно со 31 декември 2022 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7525/1
30 август 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.